SYMPOSION

П О К А Н А

ЗА УЧЕСТВО НА

ТРИДНЕВНА СТРУЧНА РАБОТИЛНИЦА

„СПРОВЕДУВАЊЕ ПОПИС НА СРЕДСТВАТА, ПОБАРУВАЊАТА И ОБВРСКИТЕ КАЈ ОПШТИНИТЕ, ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ И ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА — ПРЕДУСЛОВ ЗА ОБЈЕКТИВНО И РЕАЛНО ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ КАКО СОСТАВЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА“

(27—30 НОЕМВРИ ВО АТИНА, ГРЦИЈА)

ВО ФОКУСОТ НА ТРИДНЕВНАТА СТРУЧНА РАБОТИЛНИЦА

ПОЈДОВНАТА ТОЧКА и **ЦЕЛТА** на овој завршен настан од областа на пописот е подигнување на **ОДГОВОРНОСТА** на вработените лица од **СМЕТКОВОДСТВЕНИОТ СЕКТОР**, лицата кои се назначени за членови на **КОМИСИИТЕ ЗА ПОПИС**, како и за **ОДГОВОРНИТЕ ЛИЦА** кои раководат со **ОПШТИНИТЕ, ИНСТИТУЦИИТЕ** и **ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА**.

Работилницата го става **ЦЕНТРАЛЕН ФОКУС** спроведувањето на **ПОПИСОТ НА СРЕДСТВАТА, ПОБАРУВАЊАТА И ОБВРСКИТЕ** како една од најзначајните задачи, односно фази пред изготвувањето на **ЗАВРШНАТА СМЕТКА** кај наведените правни субјекти. **ПРАВИЛНО И ЦЕЛОСНО** спроведениот попис ја потврдува состојбата која е искажана во деловните книги и сигнализира за определени **ОТСТАПУВАЊА МЕЃУ ФАКТИЧКАТА И СМЕТКОВОДСТВЕНАТА СОСТОЈБА** искажани во кусок. Со **ИЗВЕШТАЈОТ** за спроведениот попис се **ДАВААТ ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ** за констатираните расходувани средства, се утврдува старосната структура на ненаплатените побарувања и неизмирените обврски.

На **ПРАКТИЧЕН И ИНТЕРАКТИВЕН НАЧИН** ќе бидат претставени и темелно разработени примери на **УСОГЛАСУВАЊЕ НА ФАКТИЧКАТА СО СМЕТКОВОДСТВЕНАТА СОСТОЈБА** кај двата сметководствена система, формата на подготвување решенија за формирање **КОМИСИИ ЗА ПОПИС** и одлуки за усвојување на **ИЗВЕШТАЈОТ ОД СПРОВЕДЕНИОТ ПОПИС**. За потребите на работилницата ќе биде опфатена и темата на **РАСХОДУВАНИТЕ СРЕДСТВА** и **РАЗЛИЧНИОТ ДАНОЧЕН ТРЕТМАН** кај двата сметководствена система.

Посебно внимание ќе биде посветено на **ПРЕСМЕТКАТА НА АМОРТИЗАЦИЈА** и **РЕВАЛОРИЗАЦИЈАТА** кај двата сметководствена система, различните **СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПРИНЦИПИ И НАЧЕЛА** пропишани со законската регулатива и **МЕЃУНАРОДНИТЕ СМЕТКОВОДСТВЕНИ СТАНДАРДИ**, односно меѓународните стандарди за финансиско известување, кои на различен начин се пресметуваат и евидентираат во **ДЕЛОВНИТЕ КНИГИ** кај различните правни субјекти.

Имајќи го предвид **ПЕРИОДОТ** на одржување на работилницата, неминовно ќе му посветиме внимание на **ДАНОКОТ НА ДОБИВКА**, со посебен акцент кај **ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА** и **ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ** – во кои случаи наведените субјекти се **ДАНОЧНИ ОБВРЗНИЦИ**, каков е **ДАНОЧНИОТ ТРЕТМАН** на одделни расходи, односно кои расходи се **НЕПРИЗНАТИ РАСХОДИ**.

Од аспект на **СМЕТКОВОДСТВЕНО ЕВИДЕНТИРАЊЕ** на даночните обврски по основ на данок на додадена вредност, се наметна прашањето на кој начин **БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ** како **ДАНОЧНИ ОБВРЗНИЦИ** ќе ги евидентираат **ТРАНСАКЦИИТЕ** во кои е вклучен **ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ** во сметководствената евиденција. Оваа тема ќе биде разработена **ПРЕКУ ПРИМЕРИ** со цел да се презентира **НАЧИНОТ НА ЕВИДЕНТИРАЊЕ** на

ДАНОЧНИТЕ ОБВРСКИ кој **СЕ РАЗЛИКУВА** од **ВОСПОСТАВЕНАТА ПРАКТИКА** кај субјектите регистрирани согласно **ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИ ДРУШТВА**, применувајќи ги **МЕЃУНАРОДНИТЕ СМЕТКОВОДСТВЕНИ СТАНДАРДИ**, односно меѓународните стандарди за **ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ.**

Ќе биде адресирана значајноста на **НАВРЕМЕНАТА ПРИМЕНА** на **ОДЛУКИТЕ НА ВЛАДАТА** на Република Северна Македонија, кои се однесуваат на времено и **ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА СТВАРИТЕ** кај **БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ, ОПШТИНИТЕ** и **ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА**, со цел да се согледа **РАЗЛИЧНОТО ВЛИЈАНИЕ** на истите во **СМЕТКОВОДСТВЕНАТА ЕВИДЕНЦИЈА** кај двата сметководствена система.

На крајот на работилницата ќе бидат презентирани новините во **ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА**, со цел присутните да бидат информирани за новите случувања во правилата кои може да предизвикаат **НОВИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПРИНЦИПИ** и **НОВИ ДАНОЧНИ ОПТОВАРУВАЊА.**

Додадената вредност на работилницата ќе биде **ИНТЕРАКТИВНАТА КОМУНИКАЦИЈА** на учесниците со предавачот со главен акцент на **МЕЃУСЕБНАТА РАЗМЕНА** на искуства, мислења и ставови во делот на спроведување на пописот.

ВРЕМЕ И МЕСТО на реализација: тридневната програма на работилницата ќе биде реализирана во грчката престолнина, **АТИНА**, со **БОГАТА ПРОГРАМА НА ПАТУВАЊЕ** и со **ВНИМАТЕЛЕН ИЗБОР** на цела низа впечатливи места, посети и искуства, **ОД 27 ДО 30 НОЕМВРИ 2025** ГОДИНА.

Покрај засегнатите лица и групи, како и начинот на пријавување учество, подолу е претставена целосната **РАБОТНА АГЕНДА** за тридневната стручна работилница.

Повеќе информации за **ПРЕДАВАЧОТ** кој ќе ги води и менторира едукативните блокови, како и детално разработената **ПРОГРАМА НА ПАТУВАЊЕТО**, која ги опфаќа **СИТЕ АСПЕКТИ НА АРАНЖМАНОТ**, активности и местата на посета во Атина, ќе бидат доставени до **ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ УЧЕСНИЦИ** кои ќе испратат **БАРАЊЕ** на нашата официјална електронска адреса info@simpozion.mk или на нашиот контакт број: **078 271 576**.

ЗА КОГО Е НАМЕНЕТА ОВАА РАБОТИЛНИЦА?

Поаѓајќи од **ПЛАНИРАНИТЕ ТЕМИ** за **ДЕТАЛНА РАЗРАБОТКА И ДИСКУСИЈА** во рамките на оваа практична стручна работилница, главните **ЗАСЕГНАТИ ЛИЦА И ГРУПИ** кои имаат **ДИРЕКТЕН ИНТЕРЕС ЗА УЧЕСТВО** се **ОДГОВОРНИТЕ СМЕТКОВОДИТЕЛИ**, вработените во **ФИНАНСИСКО-СМЕТКОВОДСТВЕНИТЕ СЕКТОРИ**, **ВНАТРЕШНИТЕ РЕВИЗОРИ** и членовите на **КОМИСИИТЕ ЗА ПОПИС**.

НАЧИН ЗА ПРИЈАВА НА УЧЕСТВО

Со оглед на ограниченоста на капацитетите и важноста на навременото оформување група учесници, Симпозион ќе им даде **ПРЕДНОСТ НА ПРВОПРИЈАВЕНИТЕ**. За учесниците **ПРИЈАВЕНИ ДО 15 ОКТОМВРИ**, предвиден е **ПОПУСТ ОД 5%** на **ЦЕЛОСНИОТ АРАНЖМАН И КОТИЗАЦИЈАТА ЗА УЧЕСТВО**. Котизацијата за работилницата изнесува 8.500,00 денари.

Според тоа, за пријавите испратени **ДО 15 ОКТОМВРИ,** цената за котизација **СО ПОПУСТ ОД 5%** изнесува **8.075,00 ДЕНАРИ**. За пријавени **3 И ПОВЕЌЕ ЛИЦА** од иста институција следува **ДОПОЛНИТЕЛЕН ПОПУСТ ОД 5 %.**

SYMPOSION

Котизацијата за учество **вклучува:** ПОЛНО УЧЕСТВО во работните сесии на тридневната стручна работилница, користење КОНФЕРЕНЦИСКА САЛА, ОСВЕЖУВАЊЕ, КАФЕ и ВОДА на паузите, обезбедени целокупни РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ (печатени и дигитални), СЕРТИФИКАТ за успешно учество на стручниот настан, НЕПОСРЕДНА КОМУНИКАЦИЈА со предавачот-експертот за надминување на Вашите КОНКРЕТНИ ПРАШАЊА, ПРОБЛЕМИ и ДИЛЕМИ од стручната практика.

Заради **квалитетот на работилницата** и **комфорот на работните услови**, бројот на учесници е **ограничен**. Пријавувањето за учество на работилницата е **отворено** најдоцна **до 14 ноември** 2025 г. со пополнување и испраќање на **ПРИЈАВНИОТ ЛИСТ** на следната електронска адреса: info@simpozion.mk

За сите дополнителни прашања и потребни информации во врска со работилницата, слободно контактирајте нè на тел. **078 271 576** или на официјалната ел. адреса.

→ *Во продолжение е достапна целосната работна агенда на тридневната работилница, заедно со потребните информации за уплата на котизацијата и аранжманот за потребите на пријавување учество.*

SYMPOSION

А Г Е Н Д А

„СПРОВЕДУВАЊЕ ПОПИС НА СРЕДСТВАТА, ПОБАРУВАЊАТА И ОБВРСКИТЕ КАЈ ОПШТИНИТЕ, ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ И ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА — ПРЕДУСЛОВ ЗА ОБЈЕКТИВНО И РЕАЛНО ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ КАКО СОСТАВЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА“

ТРИДНЕВНА СТРУЧНА РАБОТИЛНИЦА
(27—30 НОЕМВРИ ВО АТИНА, ГРЦИЈА)

ПРВ ДЕН
ЧЕТВРТОК, 27 НОЕМВРИ

17.00—18.30 УСОГЛАСУВАЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНАТА СО ФАКТИЧКАТА СОСТОЈБА НА СРЕДСТВАТА И ОБВРСКИТЕ — ОСНОВА ЗА ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ВЕРОДОСТОЈНИ И ТОЧНИ ПОДАТОЦИ ВО ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

- ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА
- ФАЗИ НА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОПИС
- ФОРМИРАЊЕ КОМИСИИ ЗА ПОПИС
- ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИИ ЗА ПОПИС
- РОКОВИ ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ И ЗАВРШУВАЊЕ ПОПИС
- УТВРДУВАЊЕ ФАКТИЧКА СОСТОЈБА
- ПОПИС НА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА
- ПОПИС НА ЗАЛИХИ
- ПОПИС НА ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ
- ПОПИС НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА
- СОДРЖИНА НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕН ПОПИС
- РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД ИЗВРШЕНИОТ ПОПИС
- УСОГЛАСУВАЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНАТА СО ФАКТИЧКАТА СОСТОЈБА

ВТОР ДЕН
ПЕТОК, 28 НОЕМВРИ

09.30—11.00 А) ПРАКТИЧНИ ПРИМЕРИ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНАТА СО ФАКТИЧКАТА СОСТОЈБА НА СРЕДСТВАТА И ОБВРСКИТЕ КАЈ БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ И ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

- ПРИМЕРИ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ФАКТИЧКА СО СМЕТКОВОДСТВЕНА СОСТОЈБА
- ПРИМЕРИ НА ПОПИСНИ ЛИСТИ
- ПРИМЕР ЗА РЕШЕНИЕ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПОПИСНИ КОМИСИИ
- ПРИМЕР ЗА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД СПРОВЕДЕНИОТ ПОПИС

Б) Амортизација и ревалоризација кај буџетски корисници и јавните претпријатија

- Законска регулатива
- Амортизација кај буџетските корисници согласно законската регулатива
- Амортизација кај јавните претпријатија согласно МСС/МСФИ
- Сметководствени начела за пресметка на амортизација кај двата сметководствени системи
- Ревалоризација
- Обрасци за пресметка на ревалоризација

11.00—11.30 Кафе пауза

11.30—13.00 Подготвителни работи за завршната сметка како основа за презентирање веродостојни и точни податоци во финансиските извештаи

- Евидентирање влезни и излезни документи пристигнати во наредната година кои се однесуваат за тековната година
- Логичка проверка на воспоставената билансна рамотежа на сметките наменети за постојани средства, побарувања и обврски
- Логичка проверка на признатите приходи и расходи
- Корекција на сметководствените грешки
    - ✓ Начин на коригирање на сметководствените грешки
    - ✓ Законски основ за спроведување на корекциите

13.00—14.00 Ручек

14.00—15.00 Прашања и одговори

Трет ден

Сабота, 29 ноември

09.00—10.30 Сметководствено евидентирање на даночните обврски по основ на данок на додадена вредност кај буџетските корисници

- Остварен промет како основа за регистрирање
- Сметководствен третман
- Примери

Даночен аспект на извршената проценка на основни средства и даночен третман на неамортизираната вредност на истите кај јавните претпријатија

- Примена на модел на ревалоризација
- Амортизација на ревалоризирана вредност на средствата
- На кој начин треба да се постапи при преобразбата, ликвидацијата и статусните измени кај субјектите, односно јавните претпријатија
- Даночен аспект на неамортизираната набавна вредност на средствата

SYMPOSION

ПРИМЕНА НА ОДЛУКИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ВРЕМЕНО И ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ СТВАРИ КАЈ ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ, ОПШТИНИТЕ И ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

- ВРЕМЕНО И ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА СТВАРИТЕ КАЈ БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ И ОПШТИНИТЕ
- СМЕТКОВОДСТВЕН ТРЕТМАН СО ПРИМЕРИ
- КАКОВ Е ДАНОЧНИОТ ТРЕТМАН НА РАСХОДИТЕ ПОВРЗАНИ СО СТВАРИТЕ ДОБИЕНИ ВРЗ ОСНОВА НА ОДЛУКА НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / ОДЛУКА ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА
- ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ДРЖАВНИ ОРГАНИ ОСНОВАНИ ОД ДРЖАВАТА СО ПРИМЕРИ

ПОДАТОЦИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И УПЛАТА

ИНФОРМАЦИИ ЗА УПЛАТА НА КОТИЗАЦИЈА ЗА РАБОТИЛНИЦАТА:

Примач: СИМПОЗИОН ДООЕЛ – Скопје
Адреса: ул. Франклин Рузвелт бр.54/16, Скопје
Сметка бр. 210071635330103
НЛБ Тутунска Банка АД – Скопје
ЕДБ: МК4080016561868
Контакт тел. бр.: 078 271 576

ИНФОРМАЦИИ ЗА УПЛАТА НА АРАНЖМАНОТ:

Примач: ТА ТРАВЕЛ ТУДЕЈ – Скопје
Адреса: ул. Народен фронт бр.19а (ТЦ Б.Хилс), Скопје
Сметка бр. 210071635330297
НЛБ Тутунска Банка АД – Скопје
ЕДБ: МК4080016561868
Контакт тел. бр: 076 30 62 62

ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО:

ПРИЈАВЕН ЛИСТ — учеството се потврдува со негово испраќање на: info@simpozion.mk (последен рок за пријавување: **14 НОЕМВРИ** 2025 г.).

За сите дополнителни прашања и потребни информации во врска со работилницата, слободно контактирајте нè на тел. ***078 271 576*** *или на официјалната ел. адреса.*